Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за медицински науки

# Употреба на гласјономер цемент во терапија на длабок кариес

**Автор: Ивана Ристова**
**Коавтор: Ана Петровска**
**Ментор: Асс. М-р Наташа Денкова**

## Вовед

Глас – јономерните цементи (ГЈЦ) се најновопроизведени материјали, кои наидоа на широка примена во стоматолошката практика. Имено, ГЈЦ се естетски реставративни материјали, кои имаат особина хемиски да се врзат за емајлот и дентинот. Биолошки се активни, бидејќи имаат способност за ослободување на флуорни јони. Во однос на подобрените перформанси и бројните модиификации, ГЈЦ можат да се употребат и како материјали за терапија на кариес.

## Цел

Да се процени застапеноста на ГЈЦ во терапија на длабок кариес како современ материјал и неговата употреба во секојдневната стоматолошка пракса.








## Материјал и методи

Спроведовме анкета во вид на интервју во вкупно 22 стоматолошки ординации во Штип. Исто така, направивме ревизија на научно-истражувачки трудови за биокомпактибилноста и употребата на ГЈЦ како подлога.

## Резултати

Резултатите од анкетата беа очекувани, од вкупно 22 ординации:
- 82% го користат во секојдневната практика;
- 61% од нив го употребуваат како подлога при терапија на длабок кариес;
- 86% се задоволни од неговите особини.

ГЈЦ е биокомпактибилен и се користи како лајнер, подлога и залевање фисури кај деца, но во терапијата на caries profunda прв избор се средства на база на CaOH, покажаа резултатите од ревизијата.





















## Заклучок

ГЈЦ имаат најголема примена како подлоги заради биокомпактибилноста, малата микропропустливост, ослободувањето флуор и спречување на навлегување на бактериите. Како недостаток се јавува краткото време за работа, голема осетливост на влага и цената на чинење. Сепак, ГЈЦ претствува најчесто користен материјал при терапија на длабок кариес и неговата примена е повеќе од 10 години во ординациите во Штип.

## References

**Web site:**
1. http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0039-1743/2002/0039-17430204075M.pdf
2. http://www.sdi.com.au/images/stories/brochures/brochures_EN/RIVA_Protect_Bro_EN.pdf
3. http://medical.tpub.com/14275/css/14275_124.htm
4. http://www.dentistrytoday.com/materials/1482--sp-375100848